Дали е супервизијата во психотерапијата е терапија на терапијата?

Емилија Стоименова Цаневска

Супервизискиот процес е релациски и многу комплексен. Како таков понекогаш се нарекува и терапија на терапијата. Дали е тоа така или не, т.е. во колкава мера можеме да се сложиме дека супервизијата во психотерапијата е метатерапија е предмет на ова излагање.

Согледувајќи ги многуслојните аспекти на самиот супервизиски процес, од релациите кои се вклучени, улогите кои постојат, етичките аспекти кои ја градат и секако конекстот во кој што се случува, ќе ставиме акцент и на когнитивните стилови како и стиловите на учење кои се темел на искуственото учење. Свесноста за неопходноста супервизијата да е вткаена во психотерапискиот процес, е патот по кој се движи континуираната едукација на која сме и професионално обврзани.

На тој начин се унапредуваме како професија и се грижиме за континуирано унапредување на менталното здравје како нашето, така и на нашите клиенти.

Клучни зборови супервизија, психотерапија, стилови на учење, ментално здравје